*Број: 02 - ___________*
*________ 2016 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
*од CCXI-та седница на Управниот одбор на*
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 5 октомври 2016 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Даниела Јовческа Ѓуровска, директор на секторот за правни работи (делумно присутна);*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Поради отсуството на претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја водеше замeникот на претседателот Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети, по што го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите и анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица (Договор за издавање на ортопедски и други помагала и Анекс на договор за издавање на ортопедски и други помагала);*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
3. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор;*
4. *Разно.*

*Директорот Стефаноски предложи дневниот ред да се дополни со разгледување на предлог за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година, заради утврдување на надоместокот на шест нови здравствени установи кои се влезени во мрежата на здравствени установи на Република Македонија. Управниот одбор едногласно го прифати предлогот, со што за работата на CCXI-та седница се усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите и анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица (Договор за издавање на ортопедски и други помагала и Анекс на договор за издавање на ортопедски и други помагала);*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
3. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор;*
4. *Предлог за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од*

*областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*

5. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите и анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица (Договор за издавање на ортопедски и други помагала и Анекс на договор за издавање на ортопедски и други помагала)*

*Воведно објаснување на предлогот даде директорот Стефаноски. Наведе оти смета дека текстот на договорот е значително подобар од оној кој во моментов се применува. Истакна дека е значајна измената кај договорните казни кои сега изразени во проценти наместо актуелните апсолутни износи затоа што тие се покажаа прениски во однос на користа што со прекршување на договорот можеше да ја остварат ортопедските куќи.*

*Потоа подетално за договорните одредби зборуваше Даниела Јовческа Ѓуровска а членовите на Управниот одбор дискутираа при што поставуваа прашања и даваа сугестии за некои одредби на договорот.*

*На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорите и анексите на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица***

*со која беше утврдена формата и содржината на Договор за издавање на ортопедски и други помагала и Анексот на договорот за издавање на ортопедски и други помагала, со вклучување на одделни сугестии на членовите на Управниот одбор.*

*ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година*

*Во рамките на втората точка на дневниот ред, врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година***

*со која се утврди нова висина на договорните надоместоци на тринаесет јавни здравствени установи.*

*ТОЧКА 3 - Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор го разгледа барањето на ПЗУ Аптека Голд Мун Скопје и мислењето на стручната служба на Фондот во врска со него, по што ја задолжи стручната служба на Фондот до аптеката да достави известување за донесената одлука.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година*

*Директорот Стефаноски наведе дека предлогот се однесува на шест нови специјалистички ординации по интерна медицина кои работат со по еден тим, кои поднеле барање за склучување на договор со Фондот. Поради тоа, потребно е за нив да се утврди висината на договорниот надоместок. Установите се дел од мрежата на здравствени установи на Република Македонија. Предлог висината на договорениот надоместок за 2016 година даден во работните материјали, е пресметана за месеците ноември и декември 2016 година.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година***

*со која се утврди висината на договорните надоместоци на шестте здравствени установи.*

*ТОЧКА 5 – Разно*

*Во рамките на точката Разно, Даниела Јовческа Ѓуровска и Христо Трповски го запознаа Управниот одбор со текот на стечајната постапка над фирмата ОХИМ ГЕС од Гостивар во која и на Фондот му беше утврдено побарување по основ на долгуван придонес за задолжително здравствено осигурување. Во таа постапка невпарičениот*

*имот на должникот е распределен на доверителите, така што е потребно самите тие да го впаричат. Со оглед на фактот што во овој имот значителен удел имаат јавните установи (ФПИОМ и УЈП, додека ФЗОМ само околу 5%), и истиот на доверителите им е распределен во идеални делови, како и со оглед на неговата состојба (движни ствари за кои не може да се утврди дека се присутни во распределениот имот и употребливи само во процесот на работа кој се одвивал кај должникот), во врска со оваа постапка Владата на Република Македонија донесе заклучоци. Со овие заклучоци се укажува како да се постапи со имотот доколку не може да се идентификуваат стварите кои го сочинуваат како и нивното присуство во магацинот каде се складирани. Овластени лица на доверителите за преземање на стварите утврдиле дека истите не може да се идентификуваат според пописните листи и да се утврди дека истите се присутни на лице место. При таква сосотојба, согласно заклучоците на Владата, од овластените лица е побарано органите на управување на нивните установи да донесат одлука за расходување на тие ствари по што истите да може да се уништат.*

*Членовите на Управниот одбор во дискусијата која следуваше дадоа различни мислења како треба да се постапи. Некои членови предложија да се подготви одлука за расходување на стварите која ќе биде донесена на следната седница. Други членови беа на став дека со оглед на околноста што стварите се распределени во идеални делови, што значи дека не е определено која ствар на кој доверител му припаѓа, како и со оглед што Фондот е еден од малите доверители, одлучувањето за постапување да следи откако за тоа ќе одлучат големите доверители.*

*По разгледувањето на точката 5, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 14.45 часот заврши со работата на CCXI-та седница.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Заменик на претседателот,*
*Ангел Митевски*

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*